## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10 и 123/12) и член 2 став 1 точка 29 и член 64 став 3 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10 и 26/13), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот**
**(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/13)**

1. Во Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/12), во точката 6 став 1 потточка 10), алинејата 3 се заменува со нова којашто гласи:

„- судската власт, Уставниот суд и други правосудни органи и институции;“.

Во ставот 1 потточка 12) став 3 алинеја 2 потточка б) по зборот: „органите“ се додаваат зборовите: „и институциите“, а зборовите: „Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризмот“, се заменуваат со зборовите: „Управата за финансиско разузнавање“.

Во ставот 1 потточка 18), зборовите: „терасата и лоѓијата“ се заменуваат со зборовите: „терасата, лоѓијата или дворното место“.

Во ставот 1 потточка 19) во првата и третата реченица, по зборот: „паркирање“ се додаваат зборовите: „или дворното место“.

2. Во точката 15 став 1 потточка б) алинеја 2, точката и запирката се заменува со запирка и се додава нова алинеја 3 којашто гласи:

„- 100% од ревалоризациската резерва утврдена согласно со Одлуката за сметководствениот и регулаторниот третман на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања;“

Во ставот 2, по зборовите: „акции од“, се додаваат зборовите: „ставот 1“.

По ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4 коишто гласат:

„Ревалоризациската резерва од ставот 1 потточка б) алинеја 3 од оваа точка може да се исклучи од износот на дополнителниот капитал во следниве случаи:

- само за оној дел којшто се однесува на продадените преземени средства за кои претходно бил прикажан износ на ревалоризациска резерва, или

- само за износ којшто е еднаков на износот на добивката по оданочувањето за кој Собранието на банката донесло одлука да се распореди во резервите или во задржаната нераспоредена добивка, коишто ги исполнуваат условите од точката 11 став 2 и 3 и точката 12 став 1 потточка 2) од оваа одлука.

Во Одлуката од ставот 3 алинеја 2 од оваа точка се наведуваат преземените средства чијашто ревалоризациска резерва се ослободува."

3. Во точката 182 став 2 алинеја 1, точката и запирката се заменува со запирка и се додава зборот: „или".

4. Во точката 183 став 1 зборовите: „може да" и зборот: „само" се бришат.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**О бр. 02-15/III-4/2013**
**28 март 2013 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**Димитар Богов**